Врз основа на член 8 став (2) од Законот за приватните агенции за вработување („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/18), министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРИВАТНИ АГЕНЦИИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на регистарот на приватни агенции за вработување (во натамошниот текст: регистарот).

## Член 2

Регистарот се води во писмена и електронска форма.

Регистарот во писмена форма се води како посебна тврда подврзана книга на образец во бела боја, во А4 формат, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Запишувањето во регистарот во писмена форма се врши со темно сина боја.

## Член 3

На предната страна на корицата на книгата на регистарот централно поставено е отпечатен текст со печатни букви: „Република Македонија”, под него „МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА” . Во средината на предната страна е отпечатен текст: „РЕГИСТАР”, а под него централно поставено: „на приватни агенции за вработување”.

Регистарот ги содржи следните рубрики:

- назив на приватната агенција за вработување;
- реден број;

- име и презиме на основачот-физичко лице/назив на правното лице;
- седиште на агенцијата;
- телефонски број за контакт со агенцијата;
- електронска адреса на агенцијата;
- веб страница на агенцијата;
- вид на лиценца (за посредување/за привремени вработувања);
- број и датум на издавање и важење на лиценцата (за посредување/за привремени вработувања);
- датум на престанок на важење на лиценцата;
- датум на бришење на агенцијата од регистарот и
- забелешка.

Книгата на регистарот ја сочинуваат 100 страници. Секоја агенција се води на две страници, со шест рубрики на првата страница и пет рубрики на втората страница, во кои се содржани четири подрубрики.

Првата и втората страница се целина и се повторуваат до страниците 99 и 100.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на уписот и водењето на регистарот на агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија” бр. 71/06).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Број 08-9506/1
7 септември 2018 година
Скопје

Министер за труд и
социјална политика,
Мила Царовска с.р.

Прилог

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# РЕГИСТАР
на приватни агенции за вработување

| Назив на приватната агенција за вработување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Име и презиме на основачот/Назив на правното лице | Седиште на агенцијата | Тел. број за контакт со агенцијата | Електронска адреса на агенцијата | Веб страница на агенцијата |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на лиценца | | Број и датум на издавање и важење на лиценцата | | Датум на престанок на важење на лиценцата | Датум на бришење на агенцијата од регистарот | Забелешка |
| За посредување | За привремени вработувања | За посредување | За привремени вработувања | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |